ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017




ЗА ОПШТИНА

# ВЕЛЕС

ЛЕВИЦА

# УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

16

## 1. Борба против урбаната мафија

- застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште
- стимулирање на изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси по транспаретни критериуми, со право на рамноправно учество на сите заинтересирани инвеститори

## 2. Пешачки зони

- успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија („легнати полицајци“, стеснување на коловозните ленти, ограничување на брзината и креирање на „зони 30 km/h“)
- создавање пешачки зони и уредување на рекреативни патеки

## 3. Велосипедски патеки за урбан велосипедизам

- стартување на проектот „Велес – бајк-френдли“ град
- изградба и обележување на велосипедски патеки во централното градско продрачје
- стимулирање изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции и приватните (станбени и деловни) објекти
- воспоставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење точак)
- поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво („рент-а-бајк“ систем на попатни станици за изнајмување исправни велосипеди, поставување сервисни пунктови, субвенции за набавка на нов велосипед)

- зголемување на нивото на сообраќајна култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот
- подигнување на јавната свест за корисностите од секојдневното користење велосипед како превозно средство

## 4. Улици и патишта

- асфалтирани и добри патишта до секое село, населба и маало во општина Велес
- инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината
- изградба на помали и пофункционални кружни текови за забрзување на сообраќајот
- изградба на трета коловозна лента, онаму каде што тоа го дозволуваат условите на патот
- пренамена не некои улици со еднонасочен режим на сообраќај
- редовно „крпење“ на дупките на коловозите, со цел да нема оштетени возила поради несоодветни услови на градските улици
- систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација
- редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност
- поставување на семафори со соларни панели, со цел заштеда на електрична енергија
- изградба на потпорни ѕидови на улиците, онаму каде што тоа е неопходно согласно конфигурацијата на теренот
- поставување на ракофати и огради на стрмните места на ридестите улици во високите делови на градот

## 5. Јавен превоз

- утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини и автобуско поврзување на руралните населени места
- зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население
- редовни јавни транспортни линии во и вон градот
- субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик (бесплатен или поевтин превоз за студенти, пензионери, социјалци, стечајци, лица со минимална плата, лица со ниски примања и сл.)
- поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина
- поставување на информативни табли со локалните знаменитости од тој крај

## 6. Паркинг

- некомерцијализација на јавниот паркинг простор (забрана за воведување на платен уличен паркинг!)
- изградба на современи паркинг плацеви, со заштитни тенди за паркираните автомобили
- изградба на катна гаража со поголема зафатнина (подземно и надземно ниво), заради решавање на горливиот проблем со немање доволен број паркинг места во градот
- монтажни паркинзи со челични конструкции, на две ниво, поставени во околината на најфрекфентните места во градот
- воведување на „Пајак-служба“ за интервентно отстранување на непрописно паркираните возила од тротоарите и другите јавни површини
- воведување волонтерски граѓански Паркинг-патроли за зголемување на јавната свест на несовесните возачи
- редовно полугодишно отстранување на хаварисани возила од градските улици

## 7. Детски игралишта

- изградба на повеќе детски игралишта со повеќе различни елементи за забава за најмладите
- партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните стамбените згради, со цел тие да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства

## 8. Инфраструктура и капитални проекти

- гасификација на индустријата и домаќинствата (изградба на градска гасоводна мрежа)
- изградба на Кеј од обете страни на р. Вардар
- изградба на мост преку р. Вардар од Градскиот парк до населба Речани
- изградба на пешачки мост од Младинскиот до Градскиот парк
- изградба на уште една помала Железничка станица на излезот од градот, на пругата после Стариот мост
- фарбање на Железниот мост, со цел тој да стане препознатлив белег на градот
- разгледување на можноста за надградба на капацитетот и приклучување на локалните згради кон постоечката мрежа на станици за топлинска енергија (парно греење) кои постојат во поголемите објекти – училишта, градинки, спортски сали и сл.

# II

# КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

## 1. Чиста вода за пиење во секое село

- помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со можност за приклучок кон градскиот водовод
- перманентно одржување на водоснабдителните мрежи наменети за земјоделско полевање
- надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во реките
- чистење на речните корита од нанесениот цврст отпад

## 2. Водовод и канализација

- промена на сите азбестни цефки од градскиот водовод и нивна замена со пластични
- решавање на проблемот со истечните води при поројни дождови кај Железниот мост (на ул. „Димитар Влахов")
- изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата од велешките ридови
- изградба на колекторски систем на р. Вардар за заштита од фекалните отпадни води

## 3. Јавна хигиена

- реновирање и тековно одржување на градските вециња со задоволително ниво на хигиена
- хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во градското подрачје
- современо транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила

## 4. Јавни гробишта

- воведување на 24 часовна стражарска служба на градските гробишта, со цел спречување на кражбите и скверначењата на гробовите

# III
# ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 1. Стоп на загадувањето

- спроведување конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето (еколошки кампањи за подигање јавна свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на зелени технологии итн.).
- иницирање проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (т.н. Зелено производство на електрична енергија – соларна, геотермална, ветерници и сл., урбани градини, субвенционирање јавен превоз, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.)
- доставување на бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство
- регионална фабрика за преработка на отпад по најсовремени светски стандарди
- стопирање на реата и неподносливата смрдеа од локалните фарми, со нивна дислокација во пооддалечените населени места
- воведување обврска за зголемување на висината на скарадиските оџаци, со цел тие да не испуштаат чад во повисоките станови на зградите

## 2. Еколошки активизам

- дислокација на остатоците и руините од некогашната „Топилница“
- редовни организирани акции за чистење на излетничките места
- чистење на дивите депонии
- граѓански позорникарски и едукативни Еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници и сл.)
- планско пошумување на велешките околни ридови

## 3. Паркови и зеленило

- казнување на несовесните граѓани кои ја кршат урбаната опрема во зелените површини
- рамномерно оплеменување на запуштените јавни површини во секој дел на градот

### 4. Зелени политики на локално ниво и енергетска ефикасност

- изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање
- вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање
- трајно решавање на проблемот со ридот со јаловина од „Топилницата“ за олово и цинк
- термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти
- инсталација на соларни панели на јавните објекти

# IV ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### 1. Работничките права како приоритет

- департизација на работните места во општинската администрација
- бирање, преку јавни огласи за вработување, на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите
- елиминација на непотизмот и политичките врски при вработување и напредување во кариерата
- почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа
- непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво

### 2. Помош на локалното земјоделство

- планско возможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица

- изградба на покриен градски зелен пазар, со придружни деловни простории за трговија на мало

## 3. Намалени хонорари на локалните функционери

- драстично намалување на паушалите на членовите на УО и НО (Управните и надзорните одбори) во јавните комунални претпријатија и нивна професионализација

## 4. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица
- редовно сервисирање и намалување на долговите на општината, како правно лице

## 5. Зголемување на општествената одговорност на велешките компании

- стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на младите ученици и студенти
- стимулирање на донации од велешките бизнисмени наменети за социјални и општокорисни намени

## 6. Поддршка на развојот на семејните бизниси

- планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија
- креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план), со уважување на компаративните предности на Велес, како некогашен индустриски град

## 7. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- воведување на концептот на Е-локална самоурава и транспарентен систем на жалби од начинот на пружање на коминалните услуги

# V

# ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на директна демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- враќање на местните заедници како облик на територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми

# VI
# ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И СПОРТ

## 1. Образование

- изградба на нови и реновирање на дотраените училишта во Велес и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради и сл.)
- бесплатна исхрана за сите ученици во основните и средни училишта
- купување соодветен општински возен парк заради обезбедување бесплатен превоз на ученици (школски автобуси, комбиња и сл.)
- финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми
- стипендирање на најдобрите ученици и студенти, со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси
- пилот-проекти за воведување на планинарење и јога на часовите по физичко образование во основните училишта
- пилот-проект за воведување на Јавно говорење, како факултативен (изборен) предмет, во гимназијата и во средните стручни училишта
- реновирање и обезбедување пристојни услови во „интернатот“ (ученичкиот дом)

## 2. Култура

- отворање на МКЦ – Младински културен центар на град Велес кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.е. „инкубатор“ на младите културни дејци (со мултимедијален и функционален простор за „гаражни бендови“, денсери, стрип цртачи, графити-уметници, сликари, вајари, hand made изработувачи на накит и слични креативци)
- отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, дизајнерски продавници и сл.
- илуминација на Спомен „Костурницата“, како препознатлив симбол на градот (пригодно осветлување кое ќе биде вклучено во вечерните часови)

- амбиентално осветлување на параклисот „Свети Ѓорѓи“, на левата страна на градот
- отстапување на фасадите на големите стамбени згради за изработка на мурали
- отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи (Младински и Градски парк, Градски стадион и др.)
- организирање културни настани во старото градско јадро (Варналиите, Јурија, Соколана, Којник и др.)
- негување на фолклорот и старите занаети
- поддршка на традиционалните културни манифестации
- конзервација и реновирање на старите законски заштитени куќи од XIX век, прогласени за бисери на градската велешка архитектура

## 3. Спорт, туризам и рекреација

- нов затворен Градски базен
- изградба на спортско-рекреативен комплекс „Велешко езеро“
- интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, манастирски, рурален/селски)
- повластици за отворање на младински хостел во Велес, првенствено наменет за странски туристи
- отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики
- развој на стази за спортски и планински велосипедизам на Велешко езеро
- поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми, и преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура
- реновирање на ѕидот, партерот и трибините на Градскиот стадион
- развој на услови за кампинг и клајмбинг туризам во месноста Бабуна
- организирање т.н. маалски лиги во разни спортови, со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет
- реновирање на запуштениот спортско-рекреативен центар под Железниот мост

# VII
# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 1. Помош и грижа за социјално ранливите категории граѓани

- еднократно отпишување на долговите за неплатена вода кој ЈКП „Дервен“ и повлекување на сите тужби за неплатени сметки против најсиромашните слоеви од населението
- воведување Програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства)
- отворање народни кујни за сиромашни лица
- континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица
- поддршка на самохрани родители
- институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни Шелтер центри
- згрижување и домување на лицата со социјален ризик и на бездомниците
- згрижување и соодветен третман на зависници од дрога и алкохол

## 2. Општествена грижа за лицата со посебни потреби и лицата со попреченост

- Дневен центар за лица со церебрална парализа и други лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание
- ревидирање на  услугите во здравството кои ги добиваат оваа категорија граѓани и одвојување на специјала физикална амбуланта наменета  само за овие лица
- обезбедување лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта и обезбедување други бенифиции за родителите кој имаат деца со попреченост
- зголемување на паричниот додаток кој го примаат овие лица, како и израмнување на бенифициите кои ги имаат биолошките родители и луѓето  кои ги згрижуваат  децата со попреченост
- програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица
- целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови...

## 4. Јавно здравје

- едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа
- зголемување на бројот на дежурни аптеки во ноќните часови
- помош на пациенти со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.)
- осовременување на возниот парк на медицинските возила за Брза помош

# VIII МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните, со цел ниту едно дете од претшколска возраст да не остане незгрижено
- вработување на поголем број високообразуван стручен кадар во градинките, со цел непречена можност за двосменско работење
- социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми
- згрижување на „деца од улица“ (решавање на проблемот со просење и питачење)

## 2. Младински политики

- стимулирање на млади претпиемачи за започнување свој мал бизнис
- воспоставување локална мрежа со младински организации
- поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење

- бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од посиромашни семејства (деца на стечајци, деца на невработени, деца на ниско платени работници и сл.)

### 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- отворање на поранешниот Пензионерски дом наменет за домување на стари лица
- финансирање на пензионерски клубови
- нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица, со волонтерски акции од Црвениот крст и други хуманитарни организации
- бесплатни здравствени прегледи и болничко лекување на пензионерите со најниски пензии

# IX
# СОРАБОТКА И ЈАВНИ СЛУЖБИ

### 1. Партнерски однос со граѓаните и невладините организации

- посебен Отворен ден за граѓански идеи (еднаш на секои три месеци)
- барање експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие работат

### 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- осовременување на возниот парк на територијалната Противпожарна служба
- поставување хидранти до капиталните градски објекти, со цел нивна ефикасна заштита при евентуален пожар
- ставање во функција на скривниците од Југословенско време
- организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имот
- изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.

# X
# КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на тендерите, промената на генералните и деталните урбанистички планови и сл.

## 2. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- забрана за труење на уличните мачки и кучиња
- воведување општинска Шинтерска служба, која би интервенирала на терен и во случаи на пцовисани домашни животни
- доследно спроведување на програмата „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати“

## 3. Персонално доекипирање на општинските инспекции

- перманентни обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори

## 4. Спокојно живеење

- ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња
- заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторантите
- заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови, со поголема сообраќајна контрола




ЗА ОПШТИНА

# ВЕЛЕС

ЛЕВИЦА

## ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

Целосната верзија на Изборната програма на Левица може да ја видите на веб страницата на партијата: www.levica.mk

levica.mk LevicaPartija @levica_mk levica mk levica.mk